РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Бр. 02-460/6
10.12.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 154/2019, 178/2021, 58/2024 и 124/2025), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 53 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), како и записниците на Изборната комисија бр. 02-460/2 од 9.12.2025 год.; бр. 02-460/3 од 9.12.2025 год.; 05-460/4 од 9.12.2025 год. и 02-460/5 од 9.12.2025 год., Деканот на Факултетот ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за запирање на постапка за избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје

1. Постапката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Одлука на деканот бр. 02-460/1 од 17.11.2025 год. **СЕ ЗАПИРА.**
2. Постапката за повторно распишување избори за претседател и 16 (шеснаесет) членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје ќе се спроведе со нова одлука од деканот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со одлука на Деканот бр. 02-460/1 од 17.11.2025 год. е утврдена постапката за распишување на избори за претседател и 16 (шеснаесет) членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје и е формирана изборна комисија.

Со одлуката е предвидено Изборите да се спроведат на ден 18.12.2025 год. (четврток) во Сала за состаноци, во период од 10:00 -14:00 часот, а кандидатите да се предлагаат на Собирот на студенти по години.

По спроведените собири, видно од записниците на Изборната комисија предложени се вкупно шест студенти и тоа по години:

1. На собирот на студентите од I (прва) година одржан на ден 25.11.2025 год. во периодот од 11:00 до 13:00 часот до Изборната комисија се доставени 2 (две) пријави за кандидати за членови на Факултетското студентско собрание и тоа:

1. Мирјана Бучиноска, бр. на индекс 1577, ДМЕ;
2. Филип Младенов, бр. на индекс 1573, ИМД;

Не е поднесена ниту една пријава за кандидат за Претседател на Факултетското студентско собрание.

2. На собирот на студентите од II (втора) година одржан на ден 28.11.2025 год. во периодот од 11:00 до 13:00 часот до Изборната комисија е доставена 1 (една) пријава за кандидат за член на Факултетското студентско собрание и тоа:

1. Фиданка Ќирова, бр. на индекс 1528, ДМЕ;

Не е поднесена ниту една пријава за кандидат за Претседател на Факултетското студентско собрание.

3.На собирот на студентите од III (трета) година одржан на ден 26.11.2025 год. во периодот од 11:00 до 13:00 часот до Изборната комисија се доставени 3 (три) пријави за кандидати за членови и 1 (една) пријава за кандидат за Претседател на Факултетското студентско собрание и тоа:

Предложени кандидати за членови на Факултетското студентско собрание:

1. Миа Кабранова, бр. на индекс 1418, ДМЕ;
2. Јана Калиникова, бр. на индекс 1385, ДМЕ;
3. Верица Карова, бр. на индекс 1387, ДМЕ;

Предложен кандидат за Претседател на Факултетското студентско собрание:

1. Марија Кабранова, бр. на индекс 1398, ДМЕ.

4.Изборната комисија констатираше дека на собирот на студенти од IV (четврта) година одржан на ден 26.11.2025 год. во периодот од 11:00 до 13:00 часот не е поднесена ниту една пријава за кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание.

Со оглед на тоа дека бројот на пријавените кандидати е значително помал од бројот на членовите на Факултетското студентско собрание, не се исполнети условите за спроведување на изборите закажани за 18.12.2025 год.

Постапката за повторно распишување избори за претседател и 16 (шеснаесет) членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје ќе се спроведе со нова одлука од деканот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата да се објави на веб-страницата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Ѓорѓи Груевски